Врз основа на чл. 12 и чл. 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како полномошник на тужителот, го поднесувам ова барање за добивање на следните информации и документи:

1. Копија од **Записник бр. 04-3235/4 од 19.11.2025 година и бр. 04-3235/6 од 28.11.2025 година** од работата на **Комисијата за избор на кандидати** во врска со постапката по **Интерен оглас бр. 3/2025** објавен на веб страницата на Националната Опера и Балет на 31.07.2025 година, вклучително и **записниците од фазата на интервју и бодување на кандидатите;**
2. **Увид во целовкупните списи од предметот за наведената постапка;**
3. Важечкиот **Акт за систематизација на работни места** на НУ Национална Опера и Балет;
4. **Општиот акт(Правилник)** со кој се уредува формата и содржината на интерниот оглас и начинот на спроведување на селекцијата, согласно чл. 77-и став(4) од Законот за културата;
5. **Општиот акт (Правилник)** за начинот на спроведување на аудициите и бодирањето, согласно чл. 77-ѕ од Законот за култура**;**
6. **Докази –** работно искуство на кандидатот избран на интерниот оглас бр. 3/2025 **– Билјана Јосифов;**
7. **Докази –** работно искуство на кандидатот избран на интерниот оглас бр. 3/2025 **– Злата Тошевска Димовска;**
8. **Копија од официјалните програми за претставите: Црвенкапка** – 22.05.2016 година; **Дон Џовани** – 18.01.2017 година; **Скендербег –** 23.12.2019 година; **Паљачи –** 02.10.2021 година и 08.04.2022 година; **Рита –** 21.09.2022 година; **Кармина Бурана –** 16.12.2022 година и 17.12.2022 година; **Севилскиот Бербер –** 10.02.2023 година и 02.03.2024 година; **Севилскиот бербер – гостување во Белград, Србија** – 01.04.2023 година**; Кармен –** 01.12.2023 година 01.03.2025 година и **Лидија од Македонија** – 16.09.2023 година.
9. **Копија од официјалните кастинг листи за претставите: Црвенкапка –** 22.05.2016 година; **Дон Џовани** – 18.01.2017 година; **Скендербег –** 23.12.2019 година; **Паљачи –** 02.10.2021 година и 08.04.2022 година; **Рита –** 21.09.2022 година; **Кармина Бурана –** 16.12.2022 година и 17.12.2022 година; **Севилскиот Бербер –** 10.02.2023 година и 02.03.2024 година; **Севилскиот бербер – гостување во Белград, Србија** – 01.04.2023 година**; Кармен –** 01.12.2023 година 01.03.2025 година и **Лидија од Македонија** – 16.09.2023 година.